**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**

Натпревари по хемија 2015

http://www.pmf.ukim.edu.mk/PMF/Chemistry/sojuz/natprevari-2015-mk.htm

# ПРАВИЛА ЗА РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР

- Со регионалната комисија претседава претставник од државната комисија, а во комисијата треба да има барем по еден наставник од секое училиште кое учествува на натпреварот, а добредојдени се и повеќе наставници кои би сакале да се вклучат во работата на комисијата.
- Претседавачот со комисијата поседува список од ученици кои се пласирани преку општински натпревар или директно и само тие имаат право да учествуваат на натпреварот.
- Претседавачот на комисијата ги носи испечатените тестови и клучот за секој тест кој ќе се користи при прегледувањето на тестовите.
- На регионален натпревар, учениците се натпреваруваат со скриени имиња (ова го организира и обезбедува претставникот од државната комисија).
- Решавањето на целиот тест (прашања и задачи) трае **150 минути**.
- Веднаш по натпреварот комисијата е должна да го истакне на огласна табла клучот за тестот и решенијата на задачите.
- Комисијата од наставниците предводена од претставникот од државната комисија ги прегледува тестовите заеднички веднаш по завршувањето на натпреварот (со црвено пенкало по можност) без откривање на имињата на натпреварувачите при прегледувањето. Имињата се откриваат откако ќе заврши прегледувањето на сите тестови.
- Секое точно одговорено прашање носи 1 поен, а секоја точно решена задача носи 5 поени. **Вкупниот број на поени што може да се освојат е 50 (25 + 25)**. За да се добијат 5 поени за точно решена задача, мора да бидат точни бројната вредност (3 поена), единицата (2 поена) и начинот на решавање. Не се доделуваат поени ако е точен само начинот на решавање (а не и резултатот) ниту ако е точна само единицата.
- По прегледувањето на тестовите, комисијата подготвува извештај во електронска форма (во Excel документ) во кој ги наведува следните податоци по овој редослед:

  **Име и презиме на ученикот | категорија | училиште | поени од прашања | поени од задачи | вкупно поени**

- Комисијата **веднаш** го испраќа резултатот на електронската адреса: natprevar.hemija@gmail.com и ги истакнува резултатите на огласната табла во училиштето. Приговори не се дозволени.
- Една верзија од извештајот се печати, на неа се потпишуваат сите членови на комисијата и таа останува кај претседавачот со комисијата, кој ги понесува со себе и сите тестови од регионалниот натпревар.
- Потпишаниот извештај од комисијата и сите прегледани тестови од претходно одржаните општински натпревари, претседавачите со комисиите за општинските натпревари ги предаваат на претставникот на државната комисија.
- Наставник што е вклучен во натпреварите, а не се однесува професионално, може да биде повикан на одговорност.
- За евентуални нејаснотии, **на денот на регионалниот натпревар,** може да го консултирате проф. д-р Владимир Петрушевски на 071231133 и на e-mail: vladimirpetrusevski@yahoo.com.